# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Службен весник на РМ, бр. 148 од 14.12.2009 година**

## Член 1

Во Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005 и 81/2008), во членот 20 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Интегралната евалуација од ставот 1 на овој член се врши на секоја трета учебна година.

За спроведената интегрална евалуација од ставот 1 на овој член Државниот просветен инспекторат изработува писмен извештај за работата на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта и го доставува до училиштето и до Државниот испитен центар."

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".